АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

**Јуни 2024** **Бр.6**

## Медиумската писменост кај учениците во прва и втора година средно образование во фокусот на вториот јавен состанок на АВМУ



Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 27 јуни 2024 година го одржа вториот јавен состанок за оваа година, на кој беше промовирано Истражувањето на медиумската писменост кај учениците во прва и втора година средно образование, достапно на македонски, англиски и албански јазик. Целта на истражувањето беше да се направи таргетирана процена на состојбата кај младите во оваа област, поточно да се истражат мислењата, навиките и перцепцијата на учениците со фокус на нивната способност за разбирање на медиумските пораки кои секојдневно се пренесуваат преку различни медиуми и канали за информирање. Како што истакна директорот д-р Зоран Трајчевски, со ова истражување АВМУ обезбедува релевантни податоци кои можат да бидат користени во сите наредни реформски зафати, зашто е направено врз репрезентативен примерок од сите ученици кои минатата учебна година беа запишани во прва и втора година средно образование во гимназиите и во стручните училишта. За значењето на истражувањето говореше и Дејан Докузовски од проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат“ спроведуван од ИРЕКС, Македонскиот институт за медиуми, Институтот за комуникациски студии и Младинскиот образовен форум, кој посочи дека очекува медиумската писменост да стане дел од средното образование во земјава. Истражувањето е спроведено врз 884 испитаници од 40 средни училишта во 19 општини, и во него меѓу другото се детално анализирани користењето и употребата на електронската опрема од страна на учениците, препознавањето содржини и критичкото размислување за информациите добиени преку телевизија и интернет, најчесто користените социјални мрежи, истакна Софија Ристова, од Агенцијата Рејтинг која за потребите на АВМУ го изработи истражувањето.

Во вториот дел од состанокот, директорот д-р Зоран Трајчевски направи пресек на реализираните активности согласно Годишната програма за работа во изминатите три месеци.

## Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да обезбеди сознанија за состојбите во телевизиската и во радиоиндустријата, на 24 јуни 2024 година ја објави Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година. Анализата содржи податоци за економското работење на радиодифузерите, односно податоци за вкупните приходи и структурата на приходите, вкупните трошоци и структурата на трошоците, финансискиот резултат од работењето и просечниот број на вработени во 2023 година.

Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година е достапна на следниот линк

## Изработен извештај за сопственоста на медиумите во 2024 година

Со цел да се зголеми транспарентноста на медиумската сопственост, односно на јавноста да и се обезбеди лесен и директен пристап до податоците за физичките и правните лица кои се сопственици на медиумите, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 20 јуни 2024 година го објави извештајот за сопственоста на медиумите во 2024 година. Покрај тоа што во континуитет ги обезбедува овие податоци во посебни регистри на својата веб страница, Агенцијата веќе неколку години изработува и редовни годишни анализи/извештаи за медиумската сопственост.

## Надзори врз радиодифузери, ОЈЕКМ и печатени медиуми

### Радиодифузери

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по службена должност изврши вонреден програмски надзор врз работата на ТВ Гурра од Кичево, со цел да констатира дали во текот на една недела, радиодифузерот спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата. При надзорот врз програмскиот сервис на ТВ Гурра емитуван на локално ниво, во периодот од 3 до 9 јуни 2024 година, беше констатирано прекршување на членот 67 став 6 од ЗААВМУ, односно не спроведување на најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата за работа.

Врз вториот програмски сервис на Македонската Радиотелевизија Скопје – МРТ 2, Агенцијата изврши контролен програмски надзор за да утврди дали е постапено по претходно изречената мерка јавна опомена упатена заради не емитување дневно 40% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела. Со надзорот беше констатирано дека од страна на МРТ 2 во целост е постапено по решението за изрекување мерка – јавна опомена.



# NEWSLETTER

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изврши редовен административен надзор врз сите радиодифузери коишто емитувале телевизиска или радио програма во 2023 година. Предмет на надзор беше обврската на радиодифузерите до 31 март 2024 година до Агенцијата да достават извештај за спроведување на обврските утврдени на дозволата за радио или телевизиско емитување, особено за спроведување на програмскиот концепт. Надзорот покажа дека оваа законска обврска не ја исполни единствено РА ПРО-ФМ од Гостивар.

Врз сите радиодифузери коишто емитуваат радио програма, извршен е вонреден административен надзор за да се утврди дали некој променил сопственичка структура, без претходно да ја извести Агенцијата. Надзорот покажа дека ниту еден радиодифузер не извршил промена во сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата и истата да биде одобрена од страна на Агенцијата.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изврши контролни административни и програмски надзори врз ТВ Гурра од Кичево за да утврди дали радиодифузерот постапил по изречените мерки јавна опомена упатени поради непочитување на повеќе обврски од ЗААВМУ и Законот за медиуми. При надзорите беше констатирано дека радиодифузерот продолжил да не ги обезбедува информациите коишто треба да им се направат достапни на корисниците и да не емитува најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, во периодот од 7:00 до 19:00 часот. Дел од контролните надзори поврзани со правилата за заштита на малолетната публика, обврските за објава на импресум и условите за рекламирање и телешопинг, не можеа фактички да бидат спроведени, бидејќи радиодифузерот на денот на надзорот освен музички спотови не емитуваше никаков друг вид програма со новинарски и со уредувачки ангажман, па оттаму Агенцијата по службена должност ќе спроведе еднонеделен вонреден надзор врз радиодифузерот.

## ОЈЕКМ

Врз операторите Каблекалл и Инфел-Ктв извршен е вонреден програмски надзор за да се утврди дали операторите на јавна електронска комуникациска мрежа ги реемитуваат програмските сервиси од Пинк пакетот, за кои не се регулирани авторските права согласно Законот за авторското право и сродните права. Со надзорот беше констатирано дека операторите не ги реемитуваат програмските сервиси од Пинк пакетот.

## Печатени медиуми

Врз издавачите на печатени медиуми КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП издавач на „Капитал“, ЈЕНИ БАЛКАН издавач на „Бахче“, ЕУРО-МАК КОМПАНИ издавач на „Економија и бизнис“, КОЛОР МЕДИА ПЛУС издавач на „Убавина и здравје“, БИРО ПРЕС издавач на „Порта 3“, ВИЗИОНИ М издавач на „Шеќа“, ПАБЛИК издавач на „Лице в лице“ и КЛИКЕР МАРКЕТИНГ издавач на „InStore“, РЕПРО ПРИНТ издавач на „Нова Македонија“, СЛОБОДЕН ПЕЧАТ издавач на „Слободен печат, ВЕЧЕР ПРЕС издавач на „Вечер“, КОХА ПРОДУЦТИОН издавач на „Коха“, МЕДИА ПЛУС ФОКУС издавач на „Фокус“, МЕДИЈА ПРЕС ВМ, издавач на „Битолски весник“, АТВ МЕДИА КОМПАНИ издавач на „Лајм“, МЕДИУМ БОЈА 43 издавач на „Штипски глас“, ЕХО МЕДИА ГРУПА издавач на „Скопско Ехо“ и „Македонско Ехо“, ЗЕНИТ ПРЕС ПЛУС издавач на „Зенит“ и НАРОДЕН ЛЕКАР издавач на „Народен лекар, Агенцијата спроведе редовен административен надзор за обврските за објава на импресум, податоци за седиште, печатница, датум на печатење или препечатување и број на печатени примероци, обврски од Законот за медиуми. Надзорот покажа дека печатените медиуми ги исполниле законските обврски.

## Изречени мерки

Советот на Агенцијата на 25-та седница одржана на 31 мај 2024 врз констатации од извршени редовни административни надзори, донесе две Решенија за изрекување мерка јавна опомена на радио Галакси – 2002 од Кавадарци и радио Про-ФМ од Гостивар, поради прекршување на член 15 став 1 од Законот за медиуми, односно за недоставување податоци за сопственичка структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во 2023 година, остварените вкупни приходи и расходи од обезбедувањето на дејноста во 2023 година и за просечната слушаност во 2023 година.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ул. Македонија бр. 38, 1000 Скопје
тел. (02) 3103400 факс: (02) 3103401
е-пошта: contact@avmu.mk веб страница: www.avmu.mk

INTERCERT system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED
Q-028/2018